Наративен извештај за јануари 2020 година

- Кабинет на Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, Зоран Китанов

Директорот на ЈП за државни патишта во рамките на своите работни обврски го организира и раководи процесот на работењето, како и работата на претпријатието. Во текот на месец јануари 2020 година, директорот на ЈП за државни патишта имаше многубројни работни обврски, а сѐ со цел остварување на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државни патишта за 2020 година. Согласно со Годишната Програмата од страна на органите на управување, Управниот и Надзорниот одбор, беше донесен Годишниот план за јавни набавки за 2020 година, како и Програмата  за одржување и заштита на државните патишта за 2020 година со ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта.

Во Владата на РСМ беше потпишан Договор за изградба на првите 2 км. од автопатот А4 делница ГП Блаце – Скопје (клучка Стенковец), помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и ГД Гранит, при што свои обраќања имаа заменик претседателот на Владата, г. Бујар Османи, министерот за транспорт и врски, г. Горан Сугарески и директорот на ЈП за државни патишта, г. Зоран Китанов. Во своето обраќање, директорот Зоран Китанов ги образложи деталите од договорот и предметот на изведба, при што истакна:

„По успешно спроведената постапка за јавна набавка, од пристигнатите понуди, како најповолен економски оператор кој ќе ги изведува градежните работи е избрана компанијата ГРАНИТ. Вредноста на Договорот е 747.239.717,00 денари без

ДДВ или околу 12,2 милиони евра, додека работите треба да завршат во рок од 18 месеци од воведувањето во работа, што значи дека градежните работи ќе започнат оваа пролет, а првите километри од автопатот ќе може да ги возиме веќе следното лето во 2021 година“, при што посочи, дека во напредна фаза е подготовката и за втората фаза, со која ќе се реализираат и следните 10 километри од автопатот.

Целиот проект за автопатот Скопје – Блаце е во вкупна должина од близу 13 километри, проценет на близу 120 милони евра, од кои 27 милони евра како неповратен грант се обезбедени преку Рамката за Западен Балкан на ЕУ, околу 70 милиони евра се предвидени како заем од ЕБРД, а останатите средства се од Буџетот на земјата.

Директорот Зоран Китанов беше гостин во ТВ Сител на која што зборуваше на повеќе теми од области на патната инфраструктура, каде што како главна тема беше електронскиот систем за наплата на патарина, како и други теми поврзани од областа на дејноста на претпријатието.